Скопје, 01 февруари 2025

# СООПШТЕНИЕ

## за пререгистрација/ регистрација во задолжително здравствено осигурување на лицата со пониски и повисоки приходи

Согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија секоја година на почеток на месец февруари, ги објавува лимитите за остварени приходи поради потребата од пререгистрација/регистрација за лицата со ниски и повисоки примања, со цел да имаат континуитет во здравственото осигурување.

Оваа година како и претходните години продолжува автоматската пререгистрација на оваа категорија на осигуреници и затоа сакаме да ги известиме лицата со ниски и повисоки примања, дека нема потреба да дојдат во подрачната служба на Фондот да се пререгистрираат односно дека нивното здравствено осигурување автоматски ќе се продолжи, со исклучок на осигурениците кои имаат промена во однос на остварениот приход или кои за прв пат се пријавуваат во овој основ.

Новите лимити за здравствено осигурување согласно нето приход остварен во 2023 година изнесуваат:

- До 270.804,00 денари – здравстеното осигурување е на товар државата, односно Министерството за здравство плаќа придонес за здравствено осигурување;
- Од 270.804,00 денари до 378.924,00 денари ако во последните два месеца оствариле вкупен приход помал од 45.134,00 денари – здравственото осигурување е на товар државата, односно Министерството за здравство плаќа придонес за здравствено осигурување;
- Од 270.804,00 денари до 378.924,00 денари – здравственото осигурување го плаќа осигуреникот во износ од 50% на просечната плата односно, плаќа 2.368,00 денари месечно придонес;
- Над 378.924,00 денари – здравственото осигурување го плаќа осигуреникот во износ од 50% на просечната плата односно плаќа 2.368,00 денари, месечно придонес.

При тоа напоменуваме дека како приходи на семејство се сметаат личните и приходите на членовите на носителот на здравственото осигурување ( брачен другар, деца).

**Начин на регистрација/пререгистрација на лица со ниски и повисоки приходи**

Осигурениците на кои автоматски ќе им се продолжи здравственото осигурување и немаат промена во однос на лимитот на остварен приход, нема да добиваат нови решенија.

Лицата кои првпат поднеле пријава за здравствено осигурување во текот на месец јануари 2025 година потребно е да дојдат на шалтерите во Фондот повторно да се пријават од 01 февруари до 31 март 2025 година, согласно сегашните објавени законски лимити, бидејќи истите во однос на остварените приходи кои ги пријавиле и се за 2023 година се зголемени, со цел да го остварат правото на здравствено осигурување.

Лицата кои имаат промена во висината на нето приходите за минатата 2024 година, потребно е да дојдат во подрачните служби на Фондот од 1 февруари до 31 март оваа година за да се пријават во соодветен основ на осигурување.

Лицата кои за прв пат се пријавуваат по еден од овие основи потребно е да дојдат на шалтерите во подрачните служби на Фондот со цел да поднесат барање заедно со потребната документација, објавено на веб страната на Фондот.

За сите подетални информации поврзани со регистрација/пререгистрација на невработените лица, осигурениците може да се обратат на бесплатната инфо линија 080033222 или на мејот: info@fzo.org.mk како и на веб страницата www.fzo.org.mk во делот на пререгистрација на лица со ниски примања.

Со почит,
ФЗОРСМ

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk